# ДОКУМЕНТИ

# ПРИЛОГ 3

1. **Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми (“Службен весник на Република Македонија”, бр.79/2023)**

Ред.број:1

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Актуелности во орофацијална регија** | | | |
| 2. | Код | МСЗПАО1 | | | |
| 3. | Студиска програма | Втор циклус на академски (магистерски) студии по стоматолошки науки | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Стоматолошки факултет-Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | I | семестар | I |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Александар Димков | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Цели на предметната програма (компетенции): да се сознаат најновите достигнувања во различни области од стоматологијата, корестејќи ги и најновите резултати и заклучоци од научно-истражувачката работа на Катедрите во состав на Стоматолошкиот факултет |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | ПОГЛАВЈЕ 1. АКТУЕЛНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ПАРОДОНТОЛОГИЈАТА И ОРАЛНАТА МЕДИЦИНА<br><br>1. ***Примена на FIDELIS III ND.YAG ласерот во хирушкиот третман на муко-гингивалните промени* - 4 часа**<br><br>• Третман на мукогингивални абсцеси со трврд ласер и клинички ефекти;<br>• Предности на ласерот над конзервативен хиручки третман – забрзана епителизација, антиедематозен и бактерициден ефект.<br><br>*Резултати од учење: Студентите се стекнуваат со знаења за примена на тврд ласер FIDELIS III ND.YAG и неговите предности во споредба со конзервативниот третман со скалпел.*<br><br>2. ***Дијагностички тестови за евалуација на промените на оралната лигавица* - 3 часа**<br><br>• Дијагноза и менаџмент на комплексни медицински нарушувања на устата и забно-виличниот сегмент.<br>• Процедури кои се изведуваат во ординација, клиничко-лабораториски и лабораториски испитувања (микробиолошки, вирусолошки, цитолошки, имунофлуоресцентни).<br><br>*Резултати од учење: Студентите се стекнуваат со знаења и ставови за правилното исцрпување на сите достапни дијагностички модалитети кои може да се применат за навремена дијагноза, поволна прогноза на заболувањата, намалување на морбидитетот на болестите и подобрување на квалитетот на животот.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 2. АКТУЕЛНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ЕНДОДНЦИЈАТА И РЕСТАВРАТИВНАТА СТОМАТОЛОГИЈА<br><br>1. ***Инфилтративна метода во терапија на почетни кариозни лезии и есетско решавање на бели дамки на забите* - 3 часа** |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Приказ на методата со начинаи на работа и добиени резултати од методата.<br><br>*Резултати од учење: Студентите се стекнуваат со знаења и ставови за правилно користење на инфилтративната метода во терапија на почетни кариозни лезии и нејзина примена во секојдневната пракса.*<br><br>**2. *Криотерапија при прекривање на отворена пулпа и во ендодонтската терапија* - 2 часа**<br><br>• Постапки и чекори за примена на криотерапијата, варијации и точни индикации и контраиндикации за нејзина примена.<br><br>*Резултати од учење: Студентите стекнуваат вештини за примена на криотерапијата на отворена пулпа и стекнуваат знаења за материјалите и апаратурата за нејзина примена.*<br><br>**3. *Регенеративна ендодонција кај заби со завршен раст на корен* - 2 часа**<br><br>• Опис на материјали за ендодонтски треатман.<br>• Чекори во постапка на регенеративната ендодонција.<br>• Проспективни резултати од постапката со приказ на случаи.<br><br>*Резултати од учење: Студентите се запознаваат со најновите материјали за регенеративен ендодонтски третман кај заби со завршен раст на корен, со „чекор по чекор“ постапките за негово изведувања и со очекуваните резултати по примена на оваа метода.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 3. АКТУЕЛНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ОРАЛНАТА ХИРУРГИЈА<br><br>**1. *Биохемиска анализа на коскени маркери како параметар за проценка на зараснување на коскени дефекти во вилиците и превенција на вилична остеонекроза* - 2 часа**<br><br>• Причини за отежнато зараснување на постекстракциони рани<br>• Компликации при зараснување на раните кај пациенти кои се на биофосфонатна терапија.<br>• Постапки за зараснување на раните кај пациенти кои примаат биофосфонатна терапија<br><br>*Резултати од учење: студентите се запознаваат со отежнато зараснување на екстракционите рани, постапката за нивно згрижување и сознанија како преку земената анамнеза ќе добијат податок кој ќе им укаже на можни компликации по екстракцијата со цел превенција иститe.*<br><br>**2. Методска единица *Актуелни техники за презервација на постекстракциона алвеола (регенеративни методи)* - 2 часа**<br><br>• Видови техники за третман на постекстракциона алвеола.<br>• Примена на најновите регенеративни методи во третман на постекстракциони рани, постапка за нивна примена, резултати и придобивки. |

*Резултати од учење: Студентите се стекнуваат со знаења за најновите регенеративни методи за побрзо зараснување на постекстракционите рани.*

3. ***Употребата на ласерите во терапијата на периимплантитите, како во иницијалната фаза (хигиенска фаза) така и во хируршката фаза* - 2 часа**

- Видови ласери во терапија на периимпланти, принципи и техники на нивна примена во оралната хирургија.
- Употреба на ласерите во сулкусниот дебридман (хигиенска, иницијална фаза).
- Употреба на ласерите во хируршката фаза за остранување на субгингивалните конкременти.
- Запознавање со техниката на имплантпластика и стерилизација на површината на имплантите.
- Техники на аугументација со различни видови на графтови за надоместување на ресорбираната коска околу имплантот и нивна заштита со ресорптивни мемрани

*Резултати од учење: Студентите се стекнуваат со знаења за употребата на ласерите во имплантологијата.*

ПОГЛАВЈЕ 4. АКТУЕЛНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ОРТОДОНЦИЈАТА

1. ***Различни дијагностички постапки и процедури кои се превземаат во ортодонцијата за правилно поставување на планот на третман* - 2 часа**

- Приказ на дијагностички процедури за поставување на план на терапија.
- Анализа на случаи.

*Резултати од учење:Студентот се стекна со знаење за дијагностичките методи: анамнеза, клиничко испитување, функционално испитување, анализа на студио модели (гнатометриска анализа), рендген анализа познавање на дефинирани рендгенски и кефалометриски стандарди и анализа на фотографија.*

2. ***Дигитални студио модели во ортодонција - предности и недостатоци* - 2 часа**

- Примена на дигитални студио-модели во дијагноза на малоклузии анализа на забалото, дигитално планирање на третман и дизајн на протетски и ортодонтски апарати.
- Употреба на интраорален скенер за регистрација на оклузија.

*Резултати од учење:Студентот се стекнува со знаење за дигиталната технологија, ортодонската евиденција, компјутерска анализа на модели со софтвер кој што овозможува испитувања и мерења од различни агли и страни.*

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. **Методска единица *Видови и индикации за примена на трејнери* - 2 часа**<br><br>• Индикации за примена на ортодонтски трејнери.<br>• Начини и можности за нивна примена при третман на малоклузии.<br><br>*Резултати од учење: Студентот се стекнува со знаење за предностите и недостатоците на трејнерите во раната миофункционална терапија за време на мешовитата дентиција.*<br><br>4. ***Ортодонтски апарати за максиларна експанзија* - 2 часа**<br><br>• Приказ и начин на примена на Ni-Ti палатиналниот експандер.<br>• Приказ и начин на примена на Quad Helix апарати за рапидна палатинална експанзија.<br>• Приказ и начин на примена на HAAS апарат.<br><br>*Резултати од учење: Студентот се стекнува со знаење за индикации и контраиндикации за примена на ортодонтските апарати Ni-Ti палатиналниот експандер, Quad Helix апарати и HAAS апаратот.*<br><br>5. **Методска единица *Ортодонтски апарати за корекција на дистооклузијата* - 2 часа**<br><br>• Приказ и начин на примена на Пендулим аппарат.<br>• Приказ и начин на примена на Хербст апаратот.<br>• Приказ и начин на примена на Horseshoe Jet апаратот.<br>• Приказ и начин на примена на фиксни ортодонтски апарати.<br><br>*Резултати од учење: Студентот се стекнува со знаење за индикации и контраиндикации за примена на Пендулим аппарат, Хербст апаратот, Horseshoe Jet апаратот и фиксни апарати.*<br><br>6. ***Ортодонтски апарати за корекција на III класа малоклузија и Предности и недостатоци при примената на алајнерите* - 2часа**<br><br>• Индикации, контраиндикации, предности и недостатоци на алајнери.<br><br>*Резултати од учење: Студентот се стекнува со знаење за примената на алјнерите.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 5. АКТУЕЛНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА И ПРЕВЕНТИВНАТА СТОМАТОЛОГИЈА<br><br>1. ***Ендодонтскиот третман во педодонцијата* - 4 часа**<br><br>• Терапевтски постапки кај ендодонтски третман на млечни заби – индикации и контраиндикации.<br>• Терапевтски постапки кај ендодонтски третман на млади трајни заби – индикации и контраиндикации, апексогенеза и апексификација.<br><br>*Резултати од учење: Прикажување на најновите насоки за ендодонтски третман на млечните и на младите трајни заби, со акцентирање на најчестите грешки кои притоа се случуваат и продлбочување на знаењата околу значењето на овие методи.* |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. ***Општа анестезија: можност за реставрација на оралното здравје кај пациенти со посебни потреби и пациенти со прекумерен страв од стоматолошка интервенција* – 3 часа**<br><br>• Дијагноза на пациенти со посебни потреби, индикации и контраиндикации за општа анестезија.<br>• Свесна седација.<br>• Општа интубациона анестезија.<br>• Предоперативна подготовка на пациентите.<br>• Стоматолошки третман на пациенти под општа анестезија.<br>• Постоперативни компликации.<br><br>*Резултати од учење: Студентите се стекнуваат со сите потребни знаења за целосно стоматолошко згрижување на пациентите со посебни потреби под општа анестезија.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 6. АКТУЕЛНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА МАКСИЛОФАЦИЈАЛНАТА ХИРУРГИЈА<br><br>1. ***Современа рехабилитација на пациенти со оптуратор протези и епитези* - 3 часа**<br><br>• Историски развој на протезите.<br>• Поделба на внатрешни и надворешни протези (егзопротези и ендопротези).<br>• Видови на дефекти во максилофацијалната регија, нивна поделба и значење во морбидитетот.<br>• Обтуратор протези и епитези (функција, начин/вид на рехабилитација, предности и недостатоци)<br>• Анапластологија, поим и значење – современи достигнувања.<br>• Современ концепт на рехабилитација со обтуратор протези и епитези - компјутерски насочена рехабилитација. Предности во однос на класичниотн концепт на рехабилитација. Неопходни предуслови за компјутерски насочена рехабилитација:<br>  – 3Д-скенер за реконструкција на оро-дентална и лицева геометрија (триаголно базирана)<br>  – Дигитализирана датабаза, и<br>  – Програм/Софтвер (Com/Os)<br>  – Современ 3Д-принтер<br>  – Компјутерски насочен прототип<br>*Резултати од учење: Кандидатите ќе може да ги препознаат предностите на современиот концепт на рехабилитација со оптуратор протези и епитези и истите да ги употребат во нивната понатамошна работа.*<br><br>2. ***Минимално инвазивни дисекции на врат* - 3 часа**<br><br>• Третман на малигни тумори<br>• Историски развој и видови на дисекции на врат<br>• Топографија на лимфниот систем на вратот.<br>• Видови на инцизиони резови при дисекции на врат, локализација и постоперативен изглед на лузните.<br>• Минимално инвазивна дисекција на врат.<br>  – Индикации и можности.<br>  – Ендоскопска и/или роботска инструментација. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | – Неопходни предуслови.<br>– Хируршки пристапи<br>– Предности и недостаоци во однос на конвенционалната дискеција на врат.<br><br>*Резултати од учење: Кандидатите ќе може да ги препознаат предностите од естетски аспект кај минимално инвазивната дисекција на врат.*<br><br>**Вкупно 45 часа**<br><br>СЕМИНАРИ<br>Темите за семинарите се од различни области во стоматологијата. Вкупно седум теми се обратуваат со интерактивна настава. Студентот/те, ја подготвуваат зададената тема од старна на професорот, јавно ја презентираат и се развива дискусија во која се вклучуваат сите студенти<br><br>СТУДИСКА ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА<br>Анализа на современи релевантни научно-истажувачки трудови од различни области на стоматологијата. Анализа на современите научни достигнувања во стоматологијата и компаративна анализа на научните достигнувањата во нашата земја и научните достигнувања во развиените земји во светот. За компаративната анализа на научните достигнувања секој студент пишува стручен труд кој го образлага при усменото полагање на предметот.<br><br>**Вкупно 30 часа** | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | нема | | |
| 14. | Деталеn опис на наставните и работните методи за предметот | теоретска настава, интерактивна настава, практична настава (вежби), семинарски работи и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 45 часови |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 часови |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 15 часови |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 90 часови |
| 18 | Услови за потпис | Редовна посета на предавања, вежби, активност на истите и освојување на минимум 42 бода од предвидените активности и од тестот. Доколку студентот не освои минимум 42 бода, во следниот испитен рок ќе полага писмен дел од испитот (70 бода) и завршен испит (30 бода). | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 50 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 30 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Самоевалуација од странаступдентите, контрола на асистентите во изведување на практичнатанастава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Dragoljub Djaic Dragoslav Djukanovic | Пародонтологија | Белград | 2006 |
| | | 2. | Jan Lindhe | Clinical Periodontology and Impant Dentistry | Blackwell Munksgaard | 2003 |
| | | 3. | Мирјана Поповска Вангел Димитровски Анета АтанасовскаСтојановска | Диференцијална дијагноза на оралните лезии | MagnaSken Скопје | 2004 |
| | | 4. | А. Демиен Валмсли со соработниците | Реставративна стоматологија | Арс Ламина ДОО | 2011 |
| | | 5. | Т. В. Падманабан И В. Рангараџан | Учебник за протетика | Арс Ламина ДОО | 2017 |
| | | 6. | James R. Hupp, Edvard Ellis | Современа орална и максилофацијална хирургија | ArberijaDesign | 2017 |
| | | 7. | William Proffit, Henry Fields | Contemporary Orthodontics,5thedition | Mosby | 2013 |
| | | 8. | Lee W. Graber, Robert L.Vanarsdall, Katherine W. L. Vig, Greg J. Huang | Orthodontics Current Principles and Techniques 6thedition | Mosby Elsevier | 206 |
| | | 9. | Група автори, уредник Елизабета Ѓоргиевска | Детска стоматологија | АрсЛамина | 2022 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | James B. Summitt со соработници | Основи за реставрација на забите – современ пристап | АрсЛамина ДОО | 2011 |
| | | 2. | Шарок К. Багери | Клинички преглед на оралната и на максилофацијалната хирургија: пристап базиран на случај | АрсЛамина ДОО | 2016 |
| | | 3. | Jacobson A,Jacobson RL | Radiographic cephalometry: From basics to 3-d imaging,2nd edition | Chicago: Quintessence Publishing | 2006 |